**Република Македонија**
**Министерство за финансии**

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

**Скопје, октомври 2017**

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во насока на усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ како битна претпоставка во процесот на пристапување на Република Македонија кон Европската Унија, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/14, 178/14 и 199/15). Во законот е извршено делумно транспонирање на Директивата 2009/119/ЕУ која наметнува обврска на земјите членки на ЕУ да чуваат минимум залихи на нафтени резерви, а потполна усогласеност ќе се постигне со донесувањето на подзаконските акти кои се пропишани со законот и во кои ќе се изврши транспонирање на четирите анекси на горенаведената Директива (Анекс I, II,III и IV).

Врз основа на член 56 од Законот за задолжителни нафтени резерви (во понатамошниот текст: ЗЗНР) истиот треба да отпочне да се применува сметано од 1 јануари 2018 година.

Со оглед дека постои реална потреба да се овозможи да продолжи отстапувањето на нафтени деривати од задолжителните резерви согласно членот 9-а од постојниот важечки Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14), се предлага да се пролонгира примената на новиот закон за период од една година.

Согласно горенаведеното, предложената измена со Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви е во насока на да се одложи неговата примена за период од една календарска година, со што ќе се овозможи да продолжи отстапувањето на нафтени деривати од задолжителните резерви согласно членот 9-а од постојниот важечки Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Крајната цел на предложениот Закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви е да се одложи неговата примена за период од една календарска година, со што ќе се овозможи отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на корисници утврдени со членот 9-а од постојниот закон кој сеуште е во сила, според кој задолжителните резерви на нафтени деривати може да се користат и во кризни состојби, како и во други случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати од страна на државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции основани од државата што вршат дејност од јавен интерес и општините, за извршување на нивните активности утврдени со закон.

Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви се заснова на основните начела:

- уставност и законитост и
- законитост и ефикасност во функционирањето, управувањето и располагањето со задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати.

Основните решенија содржани во предложениот текст на законот се одложување на рокот на отпочнување со примена на ЗЗНР.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Средствата наменети за покривање на трошоците за формирање, чување и одржување на задолжителните нафтени резерви се обезбедуваат од надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати утврден со закон, а овие средства се приход на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и се уплаќаат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Имајќи го предвид наведеното финансиските последици од наведениот предлог ќе бидат на товар на буџетот на Дирекцијата.

Со оглед дека нема можност однапред да се проценат вкупните количини и видови на нафтени деривати од задолжителните нафтени резерви за кои Владата ќе донесе одлуки за отстапување без надоместок, во оваа фаза не може да се определат фискалните импликации. Дополнителен аргумент кон наведеното е и фактот дека Регулаторната комисија за енергетика на Република

Македонија врши измена на цените на нафтените деривати секои 14 дена, одтука вредноста на отстапените нафтени деривати е променлива при што истата ќе зависи од периодот на донесување на одлуките од страна на Владата и динамиката на превземање на дериватите од страна на корисниците, односно од важечките цени на нафтените деривати во моментот на нивното превземање.

Покрај горенаведеното, ќе бидат потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија по основ на трошоци за акциза и ддв, кои ќе бидат на товар на државните органи и институции корисници на отстапените/позајмените количини на нафтени деривати од задолжителните резерви.

Имајќи го предвид горенаведеното, фискалните импликации не може да се определат во оваа фаза.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на измените и дополнувањата на овој закон ќе бидат потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, со оглед дека неговото спроведување ќе повлече финансиски обврски за корисниците на отстапените/позајмените количини на нафтени деривати од задолжителните резерви по основ на акциза и ддв.

Висината на потребните финансиски средства не може да се определи во оваа фаза од причини наведени во точката III. на овој вовед.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Имајќи го предвид фактот дека се исполнети условите од член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија односно дека не се работи за донесување на сложен и обемен закон, се предлага изменувањето на Законот за задолжителни нафтени резерви да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за задолжителни нафтени резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр. 144/14, 178/14, 199/15) во членот 56 зборовите „1 јануари 2018 година“ се заменуваат со зборовите „1 јануари 2019 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Со членот 1 од предлогот на Законот се предлага изменување на членот 56 од Законот за задолжителни нафтени резерви (ЗЗНР) во насока овој закон да отпочне да се применува од 1 јануари 2019 година, односно се предлага да се пролонгира примената на законот за период од една година.

Целта на предложениот Закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви е неговата примена да се одложи за една година со што ќе се овозможи отстапување на нафтени резерви на корисници согласно постојниот закон кој сеуште е во сила, односно согласно членот 9-а според кој задолжителните резерви на нафтени деривати може да се користат и во кризни состојби, како и во други случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати од страна на државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции основани од државата што вршат дејност од јавен интерес и општините, за извршување на нивните активности утврдени со закон.

Со членот 2 се предлага влегувањето во сила на предложениот закон да биде осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредби од Законот за задолжителни нафтени резерви се меѓусебно поврзани со предлогот за изменување на овој закон бидејќи се однесуваат на иста правна работа.

### III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Согласно предложената измена на ЗЗНР, неговата примена ќе се одложи за една година со што ќе се овозможи да продолжи отстапувањето на нафтени деривати од задолжителните нафтени резерви под услови и на начин уредени со членот 9-а од Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14), кој закон е во сила, а неговата примена требаше да заврши заклучно со 31 декември 2017 година. Согласно членот 9-а, задолжителните резерви на нафтени деривати може да се користат и во кризни состојби, како и во други случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати од страна на државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции основани од државата што вршат дејност од јавен интерес и општините, за извршување на нивните активности утврдени со закон.

## ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

„Член 56

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2018 година."